# Медиум

весник за сите средношколци

Четврток, 27.04.2017; година V; бр. 30

www.medium.edu.mk


„ТЕМА ЗА ДИЛЕМА“

# Индустријата е жедна за стручни кадри




Фото: Маја Јаневска-Илиева

стр.3



ФАЦА НА МЕСЕЦОТ

ЈАНА БУРЧЕСКА, ГОДИНЕШНА ПРЕТСТАВНИЧКА НА „ЕВРОВИЗИЈА“

стр. 4



НИЕ ИСПРАШУВАМЕ

САМУЕЛ ЖБОГАР, ШЕФ НА ДЕЛЕГАЦИЈАТА НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА ВО СКОПЈЕ

стр. 5



КАДЕ БЕВМЕ?

ВО БЕРОВО НА ПЛАНИНА, А ВО ДОЈРАН НА ИЗГРЕЈСОНЦЕ

стр. 6


ВИСОКА ШКОЛА ЗА НОВИНАРСТВО И ЗА ОДНОСИ СО ЈАВНОСТА

НОВА МАКЕДОНИЈА

СРЕДНОШКОЛСКИОТ ВЕСНИК „МЕДИУМ“ Е ВО РАМКИ НА ПРОЕКТОТ **„МАКЕДОНСКА КОАЛИЦИЈА ЗА МЕДИУМСКА ПИСМЕНОСТ“**

**ПРОЕКТОТ Е ФИНАНСИРАН ОД ЕВРОПСКАТА УНИЈА**

## ВОВЕДНИК



Снежана Ристова, професорка по македонски јазик и литература, СОУ„Св. Кирил и Методиј“ - Неготино

# Модерното општество бара високопродуктивни кадри од сите профили

Нашиот живот не може да се замисли без добро образование поврзано со современата технологија. Живееме во бурно време и знаеме дека тоа од вчера или завчера, денес или утре ќе остари и ќе му отстапи место на уште попрогресивното.

Затоа стремежот на секоја земја, па и на нашата треба да биде во таа насока. Тоа, пак, подразбира обезбедување услови за образование на секој млад човек без оглед на неговиот пол, потекло и национална припадност. Правото на образование не смее никому да му се скрати, напротив тоа треба да се стимулира, поддржува и да се овозможи секој во рамките на своите можности да ги афирмира своите потенцијали.

Умеењето и знаењето мора да бидат уште повеќе поттикнувани и токму образовниот систем треба да бидат насочен во тој правец. Меѓусебно постојано се надградуваме и ги искажуваме своите ставови и она што навистина сме.

Ние сме луѓе, просветни работници, нашата улога е да споделуваме знаење, да ги прифаќаме новите предизвици на современиот свет. Современата настава бара ефикасно учење и критичко размислување. За таа цел наставниците треба да користат интерактивни техники и методи на подучување за да ги мотивираат учениците за поголема самостојност и критичност во самооценувањето. Учениците ќе научат да бидат активни субјекти во процесот на поучување, да размислуваат критички и да ги разгледуваат информациите од повеќе аспекти, оформувајќи веродостојни мислења и заклучоци.

Се прашувам дали крајната цел е постигната? Реалноста е сосема поинаква и парадоксална. Незаинтересираноста и рамнодушноста стануваат сè поголема одлика на дел од нашите ученици.

Тоа е толку патетично, иронично и жално и само заради тоа што сè уште не може да се сфати дека без вистинско образование ние сме никој и ништо.

# „Образовно рандеву“ на 65 стручни училишта

Средношколци од 65 стручни училишта учествуваа на манифестацијата „Образовно рандеву“, што се одржа на 21 и 22 месецов во средното економско-правно училиште „Васил Антевски-Дрен“ во Скопје.

Правење маркетинг план, интервју за работа, јавно говорење, најдобра видеореклама, краток филм, фотографија, веб-страница и кариерно портфолио се само дел од категориите во кои се натпреваруваа средношколците. Исто така, „рандевуто“ беше проследено и со спортски активности, настапи на музички групи на учениците итн.

Оваа манифестација за прв пат се одржа во 2006 година, а оттогаш се организира секоја година. На неа, традиционално, учениците изложуваат свои штандови на кои ја презентираат работата на нивните училишта.

Минатата година на манифестацијата „Образовно рандеву“ учествуваа над три илјади ученици и ментори од 44 училишта во земјава. Организатор на настанот е Младинската асоцијација на средните стручни училишта во Македонија (МАССУМ), која како невладина организација се обидува да им овозможи на младите да го збогатат својот социјален и кариерен живот, како и да ги истакнат креативноста и претприемачките предиспозиции.





# Ракометарките од спортската гимназија во Скопје освоија прво место

Женската екипа во ракомет од спортската гимназија „Методи Митевски-Брицо“ од Скопје го освои првото место на државниот турнир за средни училишта што се одржа во Кичево. Тие во финалето го победија тимот на истоименото средно општинско училиште од Делчево со резултат 25:19.

Средношколките од скопската гимназија во текот на целиот натпревар имаа контрола над резултатот, а првото посериозно водство го оствариja по петнаесет минути игра кога поведоа со 8:4.

- Задоволен сум од нашето издание, девојките одиграа онака како што се договоривме. Бевме концентрирани во текот на целиот натпревар и тоа резултираше со наш заслужен триумф. Девојките од Делчево се добра екипа и минатата година игравме против истиот ривал, но ние и овој пат покажавме дека сме подобри. Во оваа екипа има неколку ракометарки кои во блиска иднина ќе претендираат и за најдобрата македонска селекција - изјави Станчевски. Во мечот за третото место на државното првенство играа екипите на општинските училишта „Нико Нестор“ од Струга и „Мирко Милески“ од Кичево. Струшките ученички успеаја да победат со минимална разлика од 18:17. На турнирот учествуваа и ракометните екипи од училиштата „Васил Антевски-Дрен“ од Скопје и „Кочо Рацин“ од Велес, кои ги освоија петтото, односно шестото место.

За најдобра ракометарка на турнирот беше прогласена Мери Арсениевска од шампионската екипа, а најдобар стрелец беше Ангела Кукунешоска од тимот на струшкото училиште. Како најдобра голманка, пак, беше прогласена средношколката Бојана Захариевска од „Методи Митевски-Брицо“ од Делчево. Задоволството од триумфот не го криеше ниту професорот Тони Станчевски. Професорот од скопското училиште беше презадоволен од изданието на своите избранички.

З.А.

# Злато, сребро и бронза за „Јахја Кемал“



Поделени во девет тима, вкупно 14 ученици од неколкуте гимназии „Јахја Кемал“ низ Македонија се вратија со златни, сребрени и бронзени медали од меѓународната олимпијада за проекти за заштита на животната средина „Златна клима“, што на почетокот на април се одржа во Најроби, Кенија.

Во конкуренција на над 180 тима од 22 земји од целиот свет, македонските тимови победија со своите иновации за соларна енергија и ефикасност на соларни панели, проекти за пречистување на загадена почва од тешки метали преку нејзино третирање со природни елементи и минерали и успешни експерименти за замена на антибиотиците со третмани со масло од црно семе и диво оригано во борбата против бактериите.

Преостанатите проекти се однесуваа на влијанието на бучавата врз здравјето на луѓето, на алгите како извор на биогориво, на употребата на отпадоците од земјоделството и сточарството како органско ѓубриво, на новите иновациски методи во борбата против ефектите на стаклена градина и употребата на моликата како природен извор на боја.

МЕДИУМ

**Уредници на „Медиум“:** Александра Темелкова, temenugova@vs.edu.mk, 02/30 90 004 и Александар Самарџиски, aleksandar.sa@novamakednoija.com.mk

**Техничко уредување:** Марин Матев **Веб:** Александар Делчевски **Лектура:** Светлана Арсовска

**Маркетинг:** тел. (02) 5511727 **Дистрибуција:** тел: (02) 5511734

**www.medium.edu.mk**; е-адреса: **medium@medium.edu.mk**

Оваа публикација е овозможена со поддршка од Европската Унија во рамките на проектот *Медиумска писменост во ера на наплив на информации: основање Македонска коалиција за медиумска писменост*, што го реализира Високата школа за новинарство и за односи со јавноста заедно со Институтот за различности во медиумите од Лондон, В. Британија, и дневниот весник Нова Македонија. Наведените мислења во оваа публикација се мислења на авторите и не ги одразуваат секогаш мислењата на Европската Унија.

Проектот е финансиран од Европската Унија

„ТЕМА ЗА ДИЛЕМА“

# Индустријата е жедна за стручни кадри


Фото: Маја Јаневска-Илиева

Во средните стручни училишта во земјава е потребно да се образуваат кадри кои се барани на пазарот на трудот, за што е потребно осовременување на наставните програми. Паралелно треба да се работи и на подобрување на угледот на овие школи, бидејќи најчесто идните средношколци сметаат дека во поголем дел од нив се запишуваат слаби ученици, но и оти наставниот кадар е слаб.

Ова се некои од проблемите со кои се соочува средното стручно образование, а утврдени во истражувањето „Нови перспективи за социјален и економски развој“ на фондацијата „Фридрих Еберт“ во Македонија. Авторите утврдиле дека постои неусогласеност на квалификациите на кадрите со тоа што и е потребно на индустријата. Тоа е така бидејќи од една страна има потреба од нискоквалификувана работна сила, додека од друга постои тренд на хиперпродукција на висококвалификувана работна сила.

Во слична насока е и нивното истражување на темата „Невработеноста на младите луѓе во Република Македонија“, во кое, покрај другото, се посочува потребата од поголем углед на стручните училишта.

- Голем процент млади невработени луѓе му даваат предност на високото образование и постои верување дека средните стручни училишта имаат слаб наставен кадар и оти во нив се запишуваат слаби ученици. Оттука следува и препораката дека е неопходно да се издигне репутацијата на овие училишта во јавноста и можностите за вработување што ги нуди пазарот на труд за овој образовен профил, а тука значајна улога имаат кариерните центри за советување и професионална определба - вели Нита Старова од Фондацијата, која е и една од авторките на ова истражување.

Таа го истакнува и проблемот со неформалното образование кое младите не го сметаат за фактор кој ќе им помогне полесно да се вработат.

- Резултатите од истражувањето покажаа и оти младите невработени луѓе во поголем дел не знаат од која индустрија е нивната професија, кои се водечките компании во таа индустрија, колкави се платите и кои се можностите за напредување. Ова укажува на потребата за информирање на младите за пазарот на труд од страна на образовните институции и на центрите за помош при вработување и професионално (до)усовршување - вели Старова.

Од Министерството за образование и наука (МОН), пак, велат дека промоцијата и популаризацијата, како и реформирањето на стручното образование во изминатите неколку години е висок приоритет во нивната програма и посветуваат големо внимание на издигање на квалитетот на овој тип образование.

- Во изминатите три години, заедно со институциите на Европската Унија целосно е завршена реформата на две и тригодишното средно стручно образование во сите струки, односно подготвени се нови наставни програми и истите ќе се применуваат од септември 2017 година - велат од МОН, додавајќи дека истите се понудени во конкурсот за упис за следната учебна година.

Во нив, според најавеното ќе има речиси 36 илјади места, од кои повеќе од 23 илјади се наменети за средношколците кои ќе се запишат во стручно училиште, вклучувајќи ги овде и оние програми за кои се направени и за кои не се направени реформи.

Од МОН истакнуваат дека работат на модернизација и на четиригодишното средно стручно образование. Велат, потребно е повеќе време, бидејќи станува збор за повеќе од 1.300 наставни програми во сите струки кои се анализираат, по што ќе се направат делумни или целосни измени, а ќе се обезбедат и нови учебници. Досега, како што посочија, подготвени се реформирани наставни програми по три струки - градежен техничар, хотелско-туристички техничар и електротехничар и истите од први септември ќе пилотираат во 14 училишта.

- Ова е процес кој е во тек и исто така го имплементираме со поддршка на Европската Унија, а подразбира набавка на соодветна опрема, односно машини, алати и лаборатории кои соодветствуваат на струките кои ги нуди секое училиште - велат од министерството.

Оттаму велат дека ова придонесува да се зголеми бројот на полуматуранти кои се запишуваат во средно стручно училиште, посочувајќи дека во учебната 2014-2015 дури 53 отсто од вкупниот број ученици кои завршиле основно се запишале во средно стручно, а во наредните две учебни години процентот се зголемил за два. Очекуваат дека ваквиот тренд ќе продолжи.

Слика за тоа каква е моменталната состојба во средните стручни училишта даваат и податоците од Центарот за стручно образование и наука кој е владино тело задолжено да ги усогласува и интегрира јавните и интересите на социјалните партнери во стручното образование и обуката во Македонија. Според податоците оттаму, најголем број ученици има во економско-правната и во трговската струка, потоа во медицинските и школите за електротехничка струка. На спротивната страна се училиштата кои нудат машинска, графичка, геолошко-рударска, текстилно-кожарска струка и др.

Кога станува збор за мотивирањето на учениците да се запишат во стручно училиште, од Центарот за стручно образование и обука велат дека се спроведени низа промотивни активности. Исто така, посочуваат и примери меѓу кои и 20 стипендии што општината Штип ги доделила на ученици во средното текстилно училиште „Димитар Мирасчиев“, манифестацијата „Денови на електрониката“ во која се вклучени сите средни училишта на град Скопје во рамките на која средношколците се натпреваруваат, посетуваат компании и други настани и натпревари.

**Александар Самарџиски, новинар во „Нова Македонија“**

## Грантови за проекти за реална практика

Од Министерството за образование и наука информираат дека како дел од реформите во стручното образование е и проектот што го спроведуваат е за поврзување на училиштата со бизнис-заедницата, а е во соработка со Светска банка. Се доделуваат од 5 до 20 илјади евра за проекти на училиштата кои се изработени во партнерство со некоја компанија.

- Средствата се наменети за финансирање на проекти за реализација на практичната настава во склоп на училиштата под водство на вработени во компаниите или за реализација на практична настава во компаниите - директно на работно место, за проекти за основање реални училишни компании, за организирање кампови за техничка обука за време на летен распуст и слично - велат од МОН.

## Повеќе се бараат работници со средно

Според последната достапна анализа на потребите на пазарот на трудот што може да се пронајде на официјалната интернет-страница на Агенцијата за вработување, направена за периодот од 2015 до 2016 година, околу 3.100 фирми во рок од една година планирале да вработат нешто повеќе од 12 илјади лица.

Според резултатите од анкетата, само 10 отсто од очекуваните вработувања требало да бидат за лица со високо образование, 7,9 за оние со завршено средно и више, а 63,5 отсто од вработувањата што ги очекувале биле за оние со средно. Преостанатите се однесувале за лица со завршено основно образование.

Од оние кои се со факултетска диплома, според анализата за посочениот период, најмногу се барале програмер, информатичар, систем администратор, развивач и инжењер на софтвер, графички и градежен инженер итн. Од потребните кадри со средно образование се наведуваат шивач, ткајач, кројач, продавач, заварувач, бравар, столар месар итн.

ФАЦА НА МЕСЕЦОТ

ЈАНА БУРЧЕСКА,
ГОДИНЕШНА ПРЕТСТАВНИЧКА
НА „ЕВРОВИЗИЈА“

# Постојам за да ја направам публиката среќна





„Од срцето на Балканот, од земјата со безброј скриени убавини“ е одговорот што ќе го даде ако некој во Киев, Украина, ја праша Јана Бурчевска од каде доаѓа. Токму таму, за десетина дена Јана ќе настапи на евровизиската сцена, настап за кој се подготвува со полна пареа. Како течат подготовките, како паднал изборот на песната со која ќе нѐ претставува, но и што прави кога не е окупирана со „Евровизија“ беа темите на кои разговаравме со младата пејачка пред нејзиното заминување за Киев.

**Какво е чувството да бидеш годинешната претставничка на Македонија на најголемиот музички настан во Европа?**

Кога ми јавија дека јас сум претставничката ме облеа една неверојатна возбуда, но потоа сфатив каква одговорност носи проектот и тоа малку те спушта на земја затоа што воопшто не е лесна и мала задача. Има безброј ситници на кои треба да се обрне внимание, има многу работа. Неодамна започнавме со проби за финалниот настап и вежбаме по шест часа дневно. Не е лесно, не е мала работа, но е навистина вредно искуство.

**Како се подготвуваш за настапот на „Евровизија“?**

Како што спомнав, имаме активни проби за сценскиот настап, односно за кореографијата. Имаме добро позната кореографка во евровизиските кругови, Амбра Сучи од Шведска. Таа постигна огромен успех со Лорин од Шведска и нејзината песна „Еуфорија“ и моментално е тука во Скопје и максимално ја експлоатирам. Додека е тука сакам сите нејзини финти да ги украдам и да ме научи што може најмногу. Се разбира, работам на пеењето и на вокалната техника, но сепак сум повеќе фокусирана на интерпретацијата и на „сенсот“ што песната го носи. Ова не е песна што бара некои силни вокални способности, туку ова е песна што бара чувство, а тоа е понекогаш многу потешко зашто вокалната техника се учи, но сензибилитетот не. Или го имаш или го немаш.

**Од каде дојде инспирацијата за музичкото видео на „Данце Алоне“ и како го доживуваш?**

Ова прашање всушност треба да му се постави на Сергеј Желеско, режисерот на видеото, бидејќи идејата беше негова. Интересно е што сѐ беше одлучено во последна секунда, значи во последен момент комплетно се смени сценариото на видеото. Првичната замисла беше сосема друга, но ден пред снимањето Сергеј нѐ однесе на вечера и ни кажа „Еј, имам нова идеја“. Мислам дека навистина успеа да даде нова длабочина на песната, затоа што приказната е преопшта доколку ги слушаме само лириките, но кога ќе го погледнеме видеото навистина има една длабочина што не многу песни ја имаат. Секој различно го доживува видеото. Од мој аспект видеото зборува многу за оној феномен колку се чудни луѓето, односно како сите во исто време сакаме да танцуваме и сами, но постојано го бараме совршениот партнер за танц.

**Многумина, особено од помладите генерации кажуваат дека оваа песна е една од најдобрите кои Македонија ги има пратено на „Евровизија“. Какво е чувството да знаеш дека твојата музика толку ги допира младите?**

Ме прави среќна, се разбира. Секој позитивен коментар, без разлика од која генерација доаѓа, многу ме радува. Затоа и постоиме ние артистите, да ја направиме публиката среќна. Ако публиката е среќна и ние сме среќни.

**Како одлучи дека токму таа ќе биде песната со која ќе нѐ претставуваш на „Евровизија“?**

Во координација, дискусија и длабока анализа со тимот при Македонската Радио Телевизија имаше отворен повик на кој пристигнаа над 200 песни, и ние имавме задача да седнеме и сите од прва до последна да ги преслушаме и да одбереме некој фаворит. Данце Алоне, знаете како е со песни, штом ќе ви влезат во глава - тоа е тоа. Таа беше една од првите песни кои пристигнаа на отворениот повик и уште на старт, на почетокот на декември, беше меѓу фаворитите. Баш ни се „заглави“ во глава. Не успеа ниту една друга песна да ни остави толкав впечаток.

**Дали ја почувствува сцената? Дали се соочи со предизвикот да настапиш на таква голема сцена?**

Сѐ уште не, за жал. Ние немаме ни сала ни простор кој нуди барем приближни услови како сцената во Киев. Затоа многу често кога ќе ме прашаат дали имам трема мојот одговор е: „Не знам дали имам трема“. Тоа ќе знам на втори мај, кога ќе ја имам првата проба на сцената во Киев. Првата проба е без публика, а на шести мај е првата проба со публика.

**Што ќе одговориш ако те прашаат таму од каде доаѓаш и како би ја карактеризирала македонската музика?**

Јас доаѓам од срцето на Балканот, од Република Македонија. Топла земја со безброј скриени природни богатства. Кога станува збор за музиката, ако ме праша некој странец, искрено, затоа што сум имала искуство, знам дека нашата традиционална фолклорна музика за нив е несфатлива. Многу ретко ќе сретнете некој да слушнал за седум осмини такт, но во принцип за нив е егзотична. Јас ја обожавам.

**Како го исполнуваш твоето слободно време? Имаш ли хоби?**

Некое конкретно хоби немам. Во слободно време гледам што може повеќе да се посветам на мојата помала сестра, на семејството, на пријателите. Сакам да поминам што повеќе време со нив, квалитетно време со пријателите и драгите лица, затоа што слободното време станува сѐ повеќе и повеќе апстрактна именка за мене овој период. Верувам дека тоа е само периодично, наскоро ќе помине и ќе можам да се вратам во нормала. Сакам да посетам некоја добра свирка, некој концерт ако има низ Скопје. Едно време и вежбав, ама сега веќе не.

**Кои се твоите најголеми музички инспирации, македонски и странски?**

Мислам дека најдобар вокал на македонската музичка естрада моментално е Тамара Тодевска, без конкуренција.

Многу би сакала да звучам како неа, и се надевам дека еве, кога ќе пораснам, со малку поголемо искуство, ќе можам да ѝ се доближам.

Инаку, од светската музичка сцена има многу. Ме привлекува оној фанк-звук. Многу ја сакам Ерика Баду, има една девојка која ми е многу интересна, Лиен Ла Хавас, која не успева баш толку комерцијално да се претстави на музичката сцена, но топло ја препорачувам на вашите читатели. Понатаму, од овие џез-стандардите многу ми се допаѓа звукот на Ела Фицџералд. Бијонсе е царица во многу погледи, едноставно не може мана да ѝ се најде. Токму песната „Квин Би“, мислам од аспект на изведба. Мајкл Џексон се разбира, Џамирокваи. Има многу, ама мислам дека овие ми се главните.

**Катерина Србиноска и Ангела Димовска,**
**СУГС „Орце Николов“ - Скопје**

## Класичната музика како добро утро

Фоул, фанк и дискостилот се оние што ѝ се омилени на Јана, што вели се забележува и во нејзината евровизиска песна, а како мала класиката ѝ била како добро утро.

- Како многу мала бев многу изложена на класика. Чајковски, Моцарт и Бетовен ми беа како добро утро. За време на божиќните и новогодишните празници се слушаше Хајдн. Понатаму, на едно 48-часовно патување со автомобил до Германија имавме само една касета во автомобилот, а тоа беше “Saturday Night at San Francisco”, концерт на три исклучително добри гитаристи, Пако де Луција, Џон Меклаглин и Ал ди Меола – вели пејачката.

НИЕ ИСПРАШУВАМЕ

САМУЕЛ ЖБОГАР,
ШЕФ НА ДЕЛЕГАЦИЈАТА НА
ЕВРОПСКАТА УНИЈА ВО СКОПЈЕ

# Инвестирајте во своето образование!



На медиумската лабораторија во гимназијата „Св. Кирил и Методиј“ во Неготино учениците го интервјуираа евроамбасадорот Самуел Жбогар, кој беше и гостин на работилницата. Тие го прашуваа за неговиот живот во детството, младоста, како и за патот кон дипломатијата и работата во Македонија.

**Каков беше Вашиот образовен пат до дипломатијата?**

Живеев во различен период од вашиот. Јас сум од Нова Горица, град во западниот дел на Словенија, каде што завршив основно и средно образование. Го имав истото основно училиште, па четири години гимназија, слично на денешниот образовен систем, а потоа заминав во Љубљана на Факултетот за општествени науки, меѓународни односи. Но споредувајќи се со вас, забележувам дека живееме во различни светови. Кога јас бев ученик, не само што немаше Фејсбук, што за учениците денес е основна алатка за комуникација, туку на училиште немавме ни компјутери. Првиот компјутер што го видов беше на факултет, а својот прв компјутер го купив на околу 30 години. Вие сте генерација на ученици 2.0, напредна верзија на она што бевме ние како ученици. Вие живеете во глобализиран свет со брз пристап до информации, сите ја слушате истата музика, ги немате проблемите кои ние ги имавме кога бевме млади. На пример, слушавме радио од Италија, затоа што таа музика ја немаше во Југославија. Бев одличен ученик, претпоставувам како мнозинства од вас и ве охрабрувам да продолжите така.

**Кога сме кај музиката, каква музика сакате да слушате?**

Обожавател бев и уште сум на словенечкиот бенд, не сум сигурен дали го знаете, Лајбах. Навистина беа посебни, особено во тоа време во Југославија. Прво, беа провокативни со името, кое всушност е германското име на Љубљана, а исто така ги провоцираа институциите во тоа време. Бендот сѐ уште постои и сакам да ги слушам.

**Дали во Вашиот град има факултети и, ако има, кои се тие?**

Кога бев млад немаше многу универзитети. Единствениот државен универзитет беше тој во Љубљана и сите студираа таму. По независноста имаше многу приватни иницијативи, се отворија универзитети. Во Нова Горица се отвори Факултет за природни науки, кој добро се развива и на кој предаваат меѓународни професори.

**Сте работеле во повеќе европски земји и добро го познавате Балканот. Сега сте евроамбасадор во Македонија. Како ја оценувате работата тука, како е да се работи во Македонија?**

Дојдов во септември минатата година, тука сум повеќе од шест месеци. Многу ми се допаѓа, околината, планините, пешачењето... ние Словенците особено ги сакаме. Тука има добри можности за планинарење. Често одиме на планина за викенди, на Водно, Маврово, на Шар Планина итн. Мислам дека храната, особено зеленчукот е она што го паметам од моето детство. Во минатото, голем дел од храната ја добивавме од овие полиња, од околината на Неготино и од преостанатите плодни краишта на југот. Сега ја имам можноста повторно да уживам во оригиналниот вкус на доматите, вкусот за кој зборуваат многу од странците кои ја посетиле вашата земја.

Дојдов тука да ѝ помогнам на Европската Унија и на вашата држава во процесот на приближувањето кон ЕУ. Главната цел ни е да покажеме дека сме партнери и дека сакаме оваа земја да напредува. Тоа беше мојата желба и мисија кога дојдов овде. Сѐ уште сме во криза и почнуваме да губиме многу време. Време е веќе да се продолжи напред. Јас сум сѐ уште оптимист дека ќе се вратиме на вистинскиот пат. Изјавив и кога дојдов, дека оваа земја може навистина да напредува многу брзо, само ако политиката се подобри. Вие сте мала земја, но имате многу потенцијал, во индустријата и земјоделството, странските инвестиции. Нема причина да не биде така. Крајно време е да се ангажираме.

**Матурата е многу актуелна кај средношколците. Можете ли да ни кажете за Вашата матура - како помина? Дали имате некоја забавна случка од Вашите средношколски денови?**

Да, имав матура - „страшниот“ дел на крајот од средното образование. Мојата гимназија беше една од најстрогите во Словенија. Она што го паметам од тие денови е традиционалната екскурзија низ Југославија. Немам некои особени анегдоти од тоа време. Не сум се опил, секогаш бев добро дете.

Знаете, ова беше пред околу 40 години кога јас бев средношколец. Освен што со вас се разликуваме по социјалните мрежи и секојдневниот живот, различно беше и патувањето. На пример, одевме во Италија да купуваме облека. Се сеќавам дека кога ја поминувавме границата со Италија беше многу стресно, затоа што криевме пари, а потоа, на враќање, ја криевме облеката што сме ја купиле. Кога станавме дел од Шенген зоната и кога ја немаше повеќе границата помеѓу Словенија и Италија, на местото на границата имаше забава, се креираше и еден уметнички проект, таканаречен „Соба за исповед“, луѓето се исповедаа за случките кога ја поминувале границата. Беше интересно да се слушне како луѓето се снаоѓале тогаш.

Навистина ми е мило што сте заинтересирани за новинарството и за откривањето нови работи. Знаете, најдобриот начин да инвестирате во себе е да инвестирате во вашето знаење, во познавањето на повеќе јазици... Многу е практично подоцна во животот и на долг рок ќе ви се исплати. Задоволство ми е што гледам толку млади луѓе ентузијасти, вие сте иднината на вашата земја.

**Ана Вељаноска, Надица Калешкова, Мартин Арсов и Иван Илиев, ученици во втора година во гимназијата „Св. Кирил и Методиј“, Неготино**



СРЕДНОШКОЛСКА РЕПОРТАЖА

# Во Берово на планина, а во Дојран на изгрејсонце



Екскурзија. Патување кое средношколците со нетрпение го очекуваат и веднаш го поврзуваат со забава и дружење, наспроти родителите кои, се чини, веднаш помислуваат на трошоците. Цените, пред сè за екскурзиите низ Македонија, речиси секогаш им изгледаат превисоки и некои се обидуваат да нè убедат да не одиме, ветувајќи дека за помалку пари тие ќе нè прошетаат или оти за истата сума ќе нè однесат во странство. Но она што тие не можат да ни го дадат е доживувањето на тие места во друштво на другарите.

Во тоа се уверивме и ние при нашата априлска екскурзија низ Кратово, Берово, Струмица, Дојран и Демир Капија. Се чини дека авантурата почнува уште во моментот кога со најдобрата другарка ќе се сместите во автобусот и ќе ги чекате другите да ви се придружат.

Кратово, нашата прва станица. Град за кој на телевизија може да се слушнат многу реклами и пофални зборови, па поради тоа очекувањата при посетата се големи. Истите и ги оправда. Над Кратово се издигаат со векови стари кули кои како чувари мирно го набљудуваат градот кој воодушевува со својата едноставна и староградска архитектура.

Тука се и мостовите, ги има многу, се чини и повеќе отколку што има улици, а најпознат е Радиниот мост. Автентичноста и богатата историја се најголемиот „адут“ на Кратово, секој камен раскажува приказна за некои минати времиња, а секој мост и секоја кула во себе кријат свои преданија и приказни.



Воодушевувањата не недостигаа ниту во Берово. Уште еден релативно мал град во источниот дел на Македонија. Да го доживееш малешевскиот крај и да ги видиш сите негови бисери, потребно е време, па токму поради временскиот притисок што ни „висеше над глава“ успеавме да видиме само дел од убавините на овој град, а го посетивме и Беровско Езеро. Прошетката низ центарот на градот и по градскиот плоштад создаваат впечаток дека Берово е спој на староградска и модерна архитектура.

Но не се само градбите тие кои воодушевуваат. Таму те привлекува и мирот што се чувствува, целосна спротивност од гужвите и хаосот во Скопје.

По Кратово и Берово нашата маршрута водеше кон Струмица. Сосема поинаков град од Кратово. Тоа е град кој повеќе говори за иднината отколку за богатата историја. Прекрасно уредениот градски парк и центарот на градот со својот современ и едноставен изглед не може, а да не те изненадат позитивно при првата посета на Струмица.

Дојран беше следната дестинација. Град кој мислиш дека живее само во летната сезона на одмори. Но забавите со друштвото, прошетките по плажите и гледањето на изгрејсонцето ни го докажаа спротивното. Наутро се чини сонцето плови по езерото.

По ова туристичко гратче, враќајќи се назад кон Скопје, винарската визба „Попова кула“ кај Демир Капија и археолошкиот локалитет Стоби беа нашите попатни станици. На првата, видовме како се произведува вино, а на втората како да бевме на час по историја. Шетајќи низ Стоби и слушајќи го туристичкиот водич се добива чувство дека чекориш назад низ времето.

Со куфер полн спомени се истоваривме на еден од скопските паркинзи и заминавме дома. Се чини нашата авантура не можеше да биде „послатка“, некои од нас за прв пат видоа дел од градовите во Македонија, за некои тоа беше можност да ги посетат родните краеви на своите дедовци, а сите уживаа во прекрасното друштво. Дишевме чист воздух во Берово, шетавме во Струмица на улица и создававме бесценети спомени од нашите средношколски денови.



**Теодора Аксентиевска, втора година во СУГС „Јосип Броз Тито“, Скопје**

# ЈАС МИСЛАМ ВАКА

## Авторитетот во училниците



Да се биде професор некогаш било чест, се сметало за благородна професија кон која се стремеле многу од интелектуалците. И денес е така, но не за сите. И денес образовниот систем постои, но не е ист.

Клупите се полни - училниците се празни, резултатите од тестовите се одлични - знаењата се нестекнати, просекот совршен - наученото е веќе изветреано. Трудот што треба да го вложиш во текот на една учебна година на крајот се сведува на екстерно тестирање за кое имаш стотици прашања, а резимето на целокупното четиригодишно образование е државната матура. Тестирање за кое главното правило гласи: „снајди се колку можеш".

Учебниците, пак, се полни со грешки, а некои од професорите кои треба да те научат нешто се полни со погрешна самодоверба која од нив како да говори дека не се должни да шират знаење. Рака на срце, секоја чест на исклучоците. На вистинските професионалци кои ѝ се посветени на работата, на професорите кои се приспособиле на промените и успеваат да ги пренесат основните знаења и покрај тоа што за некои од нив нема место во новите наставни планови.

И не, авторитетот на наставникот не е загубен, иако денес неретко се зборува дека поради изместените вредности во општеството и тој е изгубен. Постојат луѓе кои си ја сакаат и си ја вршат работата и ја заслужуваат титулата професор. Таквите ќе останат запаметени по почитта кон нив, по знаењата и вредностите кои ги пренеле.

Сега кога сум на крајот од моето средно образование, а набргу ќе бидам на почетокот на студиите во високото, останувам со искра надеж дека ситуацијата ќе се промени. Дека идните генерации ќе имаат поквалитетно образование и повеќе авторитетни личности кои ќе им го пренесуваат знаењето, она што треба секогаш да нè поврзува со нив.

**Сања Срњакова, четврта година во СОУ „Св. Кирил и Методиј" - Неготино**

## Учебниците да бидат во чекор со промените



Светот се менува, технологијата напредува, се пронаоѓаат нови теории во науката, но она што не се менува се нашите учебници. Во учебниците, од кои голем дел се напишани пред повеќе од пет години, содржини застаруваат.

Но ние мораме да ги учиме напишаните информации во нив ако сакаме подобри резултати на тестовите и повисоки оценки. Меѓутоа, со такви застарени содржини не може да се добие вистинска слика за моменталните состојби во светот и да се фати чекор со времето во кое живееме.

Проблемите со учебниците не завршуваат овде. Тука се и погрешните податоци, правописните грешки и нејасните дефиниции. Кај повеќето наставни предмети, на пример, учениците сретнуваат поими кои се сложени и не се јасни, наместо да бидат објаснети со адаптиран речник.

Исто така, учебниците, пред сè оние по општествените предмети, треба да понудат содржини кои ќе го поттикнат ученикот критички да размислува и да оформи свој личен став за одредени прашања. Наспроти тоа, по одредени предмети во книгите е дадено само едно гледиште кое му се наметнува на ученикот како единствено точно. Некои дури наметнуваат и ставови засновани на стереотипи од кои може да креираме само предрасуди.

Ако треба да се образуваме во личности кои критички ќе размислуваат, тогаш неопходни ни се различни гледишта за едно прашање. Обемноста на наставниот материјал е друга приказна. Натрупан е со непотребни содржини. На пример, во нашата моментална програма имаме тринаесет предмети. Знаете ли како изгледа тоа?! За предметите како што се хемија, физика, математика се потребни поголем простор и време, повеќе примери и задачи, поголема практика. Треба да знаеме тоа што го учиме и да го примениме.

Неопходно е да се направат промени во образованието, реформи во програмите кои ќе бидат засновани на она што навистина ни е потребно и кои ќе нè доближат до светот и промените кои се случуваат надвор од училниците.

**Теодора Тодорова, втора година во СУГС „Орце Николов", Скопје**

## Што значи да бидеш лидер?

Лидер. Да бидеш најдобар меѓу најдобрите или прв меѓу првите? Но дали најдобрите секогаш се први или дали првите мора да се најдобри?

Да бидеш лидер пред сè значи да бидеш последен за да ги мотивираш другите да бидат први и да бидеш најдобар, но да им помогнеш на другите да станат подобри од тебе. Со еден збор лидерот треба да биде човек. Како да го препознаеш лидерот, дали тој е роден таков или средината во која пораснал го направила лидер?

Но првите работи прво. Сметам дека за да бидеш лидер ти си оној кој треба да создаде визија и да пронајде начин да ја оствари. Јас, на пример, ако се прашам која сум покрај другите и како можам да успеам во овој свет би одговорила дека се двојам од сите други бидејќи имам моја зацртана визија. Се двојам, бидејќи се трудам и различна сум, бидејќи на мој начин само јас можам да ги согледам сите оние недостатоци во модерното време како што се омразата, озборувањата, непријателството.

Тоа е она што ме прави да се чувствувам особено и што ме турка напред да се издигнам над сите. Но не треба да бидеш само лидер, туку и човек со морал. Како таков ќе имаш и поддршка, а со тоа ќе добиеш и верност. Денес, во едно модерно и динамично општество, сметам дека самата средина на некој начин придонесува да бидеш лидер, бидејќи никој друг не може да ги разбере работите што си ги преживеал. Затоа, никогаш не си премлад или престар да бидеш лидер и никогаш не треба да дозволиш некој друг да ти кажува и одредува дали си вистинскиот за нешто или не.

Ако веќе си одлучен дека патот по кој си тргнал е вистинскиот, пронајди се во најубавите можни работи кои ќе ти се случуваат и вади поука од неуспесите, биди подготвен за предизвици, од тмурното време направи ведро и натерај ги другите да ги истакнат своите недостатоци за да ги прифатиме со сите нивни совршености.

**Драгана Василевска, четврта година во СЕПУГС „Васил Антевски-Дрен", Скопје**



ВЕСТИ ЗА МАКЕДОНСКАТА КОАЛИЦИЈА ЗА МЕДИУМСКА ПИСМЕНОСТ

# Медиумска лабораторија во Неготино



Повеќе од четириесетина ученици од неготинска гимназија „Св. Кирил и Методиј“ учествуваа на осмата медиумска лабораторија што ја организираат Високата школа за новинарство и за односи со јавноста во соработка со весникот „Нова Македонија“. Учениците освен што учеа за професионалните стандарди во новинарството и основите на новинарското пишување, учеа и како се прави интервју, поставувајќи му прашања на својот гостин, амбасадорот на Делегацијата на Европската Унија во Македонија, Семуел Жбогар.

Овие интерактивни средношколски работилници за новинарство се дел од проектот „Коалиција за медиумска писменост“, што го реализира Школата во соработка со „Нова Македонија“ и со Институтот за различности во медиумите од Лондон. Овој тригодишен проект го финансира Европската Унија.

Средните училишта кои се заинтересирани да бидат домаќини можат да се пријават на интернет-адресата medium@medium.edu.mk.

Ж.В.

## СОВЕТУВАМЕ:

## 3 МАЈ – Светски ден на слободата на медиумите

Слободата на изразување е универзално човечко право гарантирано со членот 19 во Универзалната декларација за човекови права, кое овозможува слобода на мислење и изразување, барање, примање и споделување информации преку кој било вид медиум.

Ова право е од суштинско значење, бидејќи овозможува остварување на личниот потенцијал, учество во процесите на донесување одлуки, унапредување на знаењето и придонесува за стабилно општество кое може да се адаптира на промените. Оттука, многу е важно да препознаеме во кои ситуации слободата на изразување е донесена во прашање. Некои карактеристики кои укажуваат на загрозување на слободата на изразување се: психички и физички закани од лица со спротивставени ставови, недозволен и ограничен пристап до информации, рестриктивни закони, напади на новинари, цензура на медиумите, неоправдано одбивање лиценци за медиуми итн. Квалитетното новинарство ѝ обезбедува на публиката извештаи базирани на факти и длабински анализи кои ѝ помагаат на публиката да ги разбере моменталните случувања и да донесе информирани одлуки. Секоја година на 3 мај УНЕСКО го одбележува Светскиот ден на слободата на медиумите со низа настани како Конференција за безбедноста на новинарите и доделување на наградата „World press freedom“, која оваа година ја доби Гиљермо Кано.

**Предлог-активности како може да се одбележи Светскиот ден на слободата на медиумите:**

· Конкурс за најдобар есеј
· Направи постер за слобода во медиумите
· Направи видео за слободата на изразување
· Посвети го мајското издание на училишниот весник на слободата на медиумите
· Направи онлајн настан на социјалните мрежи
· Организирај средба со членовите на новинарскиот клуб
· Посети медиумска редакција

Не заборавај, слободата на изразување претставува еден од основните темели на демократското општество и еден од основните услови за негов напредок, а новинарите се чувари на општеството!

СТРИП




www.comicscenter.mk

Автор: Лефтерија Трајковска, СОУ „Јане Сандански“ - Струмица

Во соработка со Стрип центар на Македонија

## КОНКУРСИ, МОЖНОСТИ, ОБУКИ

## Конкурс за мултимедијален производ на тема „Трговија со луѓе“

Здружението за акција против насилство и трговија со луѓе „Отворена порта“ ги поканува сите млади на возраст од 14 до 23 години, во тимови или индивидуално да учествуваат со мултимедијален производ на конкурсот на тема „Трговија со луѓе“. Заинтересираните можат да аплицираат на конкурсот со мултимедијален производ којшто користи компјутер и која било комбинација од три или повеќе дигитални медиумски видови: текст, звук, видео, графика и анимација. Производот треба да биде од едукативен и информативен карактер. Сите селектирани мултимедијални производи ќе бидат публикувани на социјалната мрежа Фејсбук на „Отворена порта“. Првопласираниот ќе добие парична награда од 200 евра, второпласираниот 150 евра, а третопласираниот 100 евра. Пријавувањето трае до 31 мај. Повеќе информации на http://www.lastrada.org.mk.

## Конкурс за средношколски есеи

Институтот за култура и уметност при меѓународниот славјански универзитет „Гаврило Романович Державин“ од Свети Николе - Битола распишува конкурс за средношколски есеи на следните теми: „Јас ја живеам мојата визија“, „Јас го разбирам светот како поле за културен натпревар меѓу народите“, „Информатичкото општество како придобивка и факт“, „Човекот - тоа сум јас“, „Безбедноста - основен услов во животот и работата“ и „Економскиот развој на Република Македонија во 21 век“. На конкурсот можат да учествуваат сите средношколци од Република Македонија со неограничен број на есеи. Есеите не треба да имаат повеќе од 700 збора и да бидат напишани со кирилична поддршка во фонтот Ариал. Првопласираниот ќе добие парична награда од 300 евра, второпласираниот 200 евра, а третопласираниот 100 евра. Пријавувањето трае до 1 мај. Повеќе информации на http://msu.edu.mk/esei-2017/.

## Конкурс за волонтери-писатели за виртуелни мемоари

Веб-проектот „This city knows“ ги поканува сите талентирани млади автори да придонесат со свои лични прикази, мемоари и репортажи за својот или друг град по желба. Идејата е преку овие мемоари на читателите да им се овозможи виртуелна прошетка низ градовите. Сите заинтересирани можат да ги испратат своите прикази преку веб-алатката „My city“. Избраните текстови ќе бидат објавени, промовирани и дистрибуирани. За текстовите не се добива паричен надоместок, но авторите добиваат можности за поврзување, промоција на нивните текстови, препораки итн. Повикот е во тек. Повеќе информации на http://www.mladiinfo.eu.